# Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, во моменти на тешкотија и неволја изговарал: „Ла илахе иллеллаху ел-ʿАзим ел-Халим. Ла илахе иллеллаху Раббул-ʿАршил-ʿАзим. Ла илахе иллеллаху Раббус-семавати ве Раббул-ерд ве Раббул-ʿАршил-Керим.“ (Нема друг вистински бог освен Аллах, Возвишениот и Благиот. Нема друг вистински бог освен Аллах, Господарот на Величествениот Трон. Нема друг вистински бог освен Аллах, Господарот на небесата, земјата и Благородниот Трон.)

Ибн Абас, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, во моменти на тешкотија и неволја изговарал: „Ла илахе иллеллаху ел-ʿАзим ел-Халим. Ла илахе иллеллаху Раббул-ʿАршил-ʿАзим. Ла илахе иллеллаху Раббус-семавати ве Раббул-ерд ве Раббул-ʿАршил-Керим.“ (Нема друг вистински бог освен Аллах, Возвишениот и Благиот. Нема друг вистински бог освен Аллах, Господарот на Величествениот Трон. Нема друг вистински бог освен Аллах, Господарот на небесата, земјата и Благородниот Трон.)

[صحيح] [متفق عليه]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, при голема тешкотија и тага, изговарал: „Ла илахе иллеллах“ – Нема друг бог достоен за обожување освен Аллах. „ел-Азим“ – Великиот по значење и положба, Возвишениот во Своето битие, својства и дела. „ел-Халим“ – Благиот, Кој не го казнува грешникот веднаш, туку ја одложува казната, иако има моќ да го казни, а понекогаш му простува. „Ла илахе иллеллаху Раббул-Аршил-Азим“ – Нема друг бог освен Аллах, Господарот на величествениот Трон, Создателот на величествениот Трон. „Ла илахе иллеллаху Раббус-семавати вел-ерд“ – Создателот на небесата и Земјата, Создателот на сè што има во нив, Нивниот Сопственик, Оној што ги одржува, и управува со нив онака како што Тој сака. „Раббул-ʿАршил-Керим“ – Создателот на благородниот Трон.

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC
E-Da'wah Committee